*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-3085/2**

# З А П И С Н И К

**Од 65-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 22.05.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани,Гајур Рамадани, Анита Латифи ,Ристе Панов и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик на Директорот на МРТ,Мери Попова-уредник во МТВ,Јошко Бошковски-уредник во МРА и Зоран Мирчевски-уредник во МРА. |

Седницата започна во 13:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на запиникот од 64-та седница на Програмски совет на МРТ.
2. Информација за Музичката продукција на МРТ.
3. Информација од одржаниот Евросонг 2018 во Лисабон.
4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на запиникот од 64-та седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 64-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Снежана Клинчарова достави забелешки по однос на точка 2 од записникот.
Забелешките беа нотирани во записникот и како таков беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно го усвои записникот од 64-та седница.

**ТОЧКА 2: Информација за Музичката продукција на МРТ.**

По однос на оваа точка од дневниот ред повикан беше Јошко Бошковски музички уредник во МРА кој пред присутните достави и писмена Информација за музичката продукција во МРТ од нејзиното основање до денес.Уредникот и усмено на седницата ги информираше членовите на советот како за историјатот на Музичката продукција така и за тоа како престанала со функционирање и на крај за планот за нејзина ревитализација.
Снежана Клнчарова со забелешка дека Музичката продукција е нешто повеќе од само продукција, и доколку сакаме да ја вратиме однсоно да ја ревитализираме прво треба да се вратат сите редакции кои постоеа во нејзин состав, како и сите оркестри и хорот.
По расправата по оваа точка членовите на советот се сложија, за се што потребно во рамките на надлежностите на советот, а по однос на повторно враќање на Музичкта продукција на МРТ, Програмскиот совет стои на располагање да помогне.

**ТОЧКА 3: Информација од одржаниот Евросонг 2018 во Лисабон.**

По оваа точка од дневниот ерд беше повикана Мери Попова уредник на музичката програма во МТВ која пред присутните членови објасни како поминал Евросонгот 2018 во Лисабон, и за се што се случувало таму на самиот настан.Најпрвин објасна како се спремале предходните денови пред настапот односно како траеле подготовките по однос на самата композиција, а потоа и за самиот настап и учество на Евросонгот.
Членот Ивана Трајковска со прашање дали МРТ како инситуција избира кој ќе биде костимограф,стилист, кореограф,сценограф и сл,однсоно како куќата е инволвирана,и со што учествува во целиот овој настан.Мери одговори дека секогаш се утврдуваат тие работи во договорот кој МРТ го потпишува со изведувачот,во случајов МРТ избри но секогаш со насоки од самиот изведувач.
Членот Ведат Мемдалија уште еднаш посочи дека начинот на избор на композицијата тука во МРТ треба да биде подобро организиран и потранспарентен,односно, не може да се изврши квалитетен избор на песна од пристигнати 380 композиции и сето тоа во еден ден.
Членот на советот Златко Јанковски даде едно свое видување од самиот настан на кој присуствуваше лично и притоа истакна дека од тоа што можел да забележи тимот на МРТ извадил максимум на таму на бината од ресурсите со кои раполагале,песната беше најдобра во последните 6-7 години, но таму на самиот Евросонг главен услов за добар пласман е лобирањето и политката, додека квалитетот на самата композиција е секогаш во втор план.Според мене продлложи Златко, за да се има поголем успех на некој нареден Евросонг, МРТ мора да ја води целата постапка од почеток до крај, а не да зависи од изведувачот и тој да и наметнува кој да биде костимограф,кореограф,стилист и сл,туку МРТ како носител на целиот проект да раководи со целиот проект,а не тие што ги избира да ја претставуваат таму да раководат наместо МРТ.Златко уште еднаш на крај сакам да потенцирам дека луѓето на МРТ таму извлекоа максимум од целата ситуација, и сакам да го пофалам целиот тим на МРТ за завршената работа таму.

**ТОЧКА 4: Разно.**
По однос на оваа точка беше побарана од страна на членот Косана М Николиќ и едногласно усвоена Информација во форма на Заклучок:
-Дали ЈРП МРТ има било каков должничко доверителски однос, побарувања или судски процес пред надлежните судови во државата со некоја од политичките партии во Р Македонија.
Потоа беше повикан Зоран Мирчевски уредник во МРА на негово предходно барање кој им се заблагодари на членовите на советот за нивното залагање по однос на подобрување на состојбите во Македонскотот радио,бидејќи како што информираше самопт на седницата добил известување од Министерството за финансии за 5 нови вработувања, но дека се претпоставува работата повторно ќе закочи а ситуацијата станува крајно сериозна бидејќи за некој месец сервисот ќе остане со двајца вработени.
Членовите со прелог до уредникот да почека извесен период дали ова околу новите вработени ќе профункционира,а доколку се закочи повторно да бидат известени на седница за да се превземат конкретни чекори

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател